3-И-0740-101_01-1

ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА**
11 Октомври 9, 1000 Скопје, П.фах 16, Р. Северна Македонија

МАКЕДОНСКА БЕРЗА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ
Примено: 13.03.2024
Орг.единица: 03 | Број | Прилог | Вредност
03-1831/1 08.05.24

**До**
**Македонска берза за хартии од вредност АД**
**Ул.„Орце Николов" 75**
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на податоци согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност

Почитувани,

Согласно обврската за известување која произлегува од член 166-б од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20, 288/21, 53/24), која се однесува на статусни измени, Ви ги доставуваме следните податоци за објавување:

- Во трговскиот регистар на ден 29.02.2024 година, со Решение со деловоден број 35020240004533, направен е упис на статусна промена – присоединување на Акционерско друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино во државна сопственост, Неготино кон Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост Скопје, со бришење на Акционерско друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино во државна сопственост Неготино со Решение со деловоден број 35020240004534 од 29.02.2024 година. Воедно, со оглед на наведенатата статусна промена на ден 29.02.2024 година, во трговскиот регистар, направен е упис на зголемувањето на основната главнина на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со издавање на нови обични акции со право на глас од втора емисија, која изнесува 32.311.373.000,00 денари, поделена на 32.311.373 обични акции што гласат на име, со номинална вредност од 1.000,00 денари по акција.

По спроведениот упис на статусната промена и зголемувањето на основна главнина на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, извршена е регистрација на хартиите од вредност во Централниот депозитар за хартии од вредност, за што е издадена акционерска книга на 05.03.2024 година.

Со почит
Изработил:И.Ј.Цикоски
Одобрил:Б.Николова

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

**ДИРЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ**
**Душица Сеизовска Јовановиќ**

Ко:
- Архива